СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

Република Македонија
1000 Скопје
Димитрие Чуповски 13
П.фах 324
Телефон: (02) 3118-088
Факс: (02) 3116-210

Republic of Macedonia
1000 Skopje
Dimitrie Cupovski 13
P.O.Box 324
Phone: + 389 2 3118-088
Fax: + 389 2 3116-210

E-mail: ic@ic.mchamber.org.mk
http://www.mchamber.org.mk

СТОПАНСКА КОМОРА на МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-4364/1
01. 11. 2005 год.
СКОПЈЕ

Акционерско друштво за производство и промет ... производи од црна металургија
"МАКСТИЛ"
Бр. 1698
08. 11. 2005 г.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за давање на интелектуални услуги во врска со воведувањето на Системот за управување со животна средина ISO 14001:2004

Склучен на 27.10.2005 година, меѓу

1. Стопанската комора на Македонија, застапувана од Бранко Азески, Претседател, ( во натамошниот текст: Комора), од една страна
   и
2. "Макстил"АД - Скопје, застапувана од Директорот Александар Панов (во натамошниот текст:корисник), од друга страна

Член 1

Со овој договор се уредуваат правата и обврските меѓу договорните страни за користење на услуги на Комората , во врска со воведувањето на Систем за управување со животната средина согласно ISO 14001:2004, а се со цел корисникот да го унапреди своето работење и да биде подготвен за сертификација на истиот од страна на неутрална сертификациона институција.

Член 2

Комората се обврзува:
- да ангажира консултант кај корисникот за воведување на ISO14001:2004 и негова подготовка за сертификација и тоа: 18 дена консултантски услуги (два пати месечно) и работа со вработените во текот на воведувањето на Системот што ќе трае девет месеци;
- да изврши иницијална проверка и изготви извештај за моменталната состојба;
- да ги дефинира, идентификува и евалуира аспектите по однос на животната средина;
- да ги дефинира одговорностите на вработените по однос на системот за заштита на животната средина;
- да ја дефинира политиката за животна средина, да ги одреди целите и таргетите на фирмата и да учествува во развојот на потребната документација според барањата од стандардот;
- да изврши интерна проверка на воспоставениот систем и превземе корективни мерки по однос на наодите од проверките ;

- да ја следи ефикасноста на превземените корективни мерки;
- да изврши преиспитување на имплементираниот систем и да го верификува истиот преку Преглед од страна на раководството со изработка на извештај за истото,
-по барање на корисникот, да обезбеди дополнителни консултантски услуги, што ќе се надоместува надвор од утврдената цена;
- да ги штити интересите на корисникот за целосно и успешно завршување на Проектот.

Член 3

Корисникот на услугите се обврзува:

- да соработува со консултантот кој ќе го определи Комората;
- да обезбеди услови за непречено вршење на работата на консултантот ( канцеларија, посета на погони, разговори со надлежни лица, соодветна документација);
- во предвидениот рок да ги извршува задачите поставени од страна на консултантот;
- за извршената услуга да плати износ од 6000 (шест иљади евра) во денарска противвредност на денот на плаќањето, на жиро сметка на Стопанската комора на Македонија, број 300000000718709, даночен број 4030962253440, Комерцијална банка АД-Скопје, во четири еднакви рати до завршувањето на Проектот .

Член 4

Во случај на спор, договорните страни се согласни истиот да се реши пред Постојаниот избран суд - Арбитражата при Стопанската комора на Македонија во согласност со одредбите на Правилникот за негова работа.

Член 5

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

Член 6

Договорот е составен во 4(четири) еднакви примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

За Стопанската комора
на Македонија
Претседател,
Бранко Азески

За корисникот
Директор,
Александар Панов

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
1